# НОВА МАКЕДОНИЈА

11.03.2009.

***ИНТЕРВЈУ: Хидо Бишчевиќ, генерален секретар на Советот за регионална соработка во Канцеларијата за верски во Брисел***

## *Годинава ќе биде пресудна за регионот*

**Автор:** Мартина Крајачиќ, наш дописник од Брисел




Советот за регионална соработка беше основан минатата година во февруари, како наследник на Пактот за стабилност во Југоисточна Европа. Неговата главна улога е да ја помогне соработката помеѓу земјите во регионот, како и процесот на европската и евроатлантската интеграција.

Генерален секретар на Советот е Хидо Бишчевиќ, поранешен новинар, кој денеска е во официјална посета на Македонија.

- Лани ги посетив сите главни градови во земјите на Југоисточна Европа и се сретнав со министрите за надворешни работи, како и со други министри, премиери и претседатели. Посетата на Македонија ќе ја искористам за увид во политичките приоритети на вашата земја. Тоа истовремено ми овозможува како претставник на Советот за регионална соработка, кој е главен партнер на Европскиот парламент и на Европската комисија за Југо-источна Европа, да им пренесам на високите владини претставници кои се ставовите, гледањата и очекувањата на Европа во однос на регионалната соработка, стабилноста и економскиот развој на регионот. Тоа е главната цел на мојата посета.

**Дали сте задоволни од досегашното учество и соработка на земјите од регионот?**

- Мислам дека можеме да бидеме и повеќе од задоволни од соработката помеѓу земјите во регионот. Се надевам дека претставниците на владите од овие земји ќе ја одржат таа соработка и дека во иднина ќе ја зајакнат.

Со оглед на тешкотиите со кои се соочивме минатата година, мислам дека никој не очекуваше толку успешна соработка. За жал, имавме многу други приоритети. Владите се фокусираа на други поединечни прашања и неизбежни политички процеси, како на пример оние поврзани со косовското прашање и косовскиот статус, кои имаа влијание врз целиот регион.

Значи, во такви тешки околности, кога можеби се очекуваше допрва да се поставува таа регионална соработка, од административен, кадровски и финансиски аспект, и кога требаше да се вложат големи напори за да се признае и прифати советот како релевантна политичка институција во регионот, но и од страна на европските институции, мислам дека можеме да зборуваме за една успешна прва година во однос на

соработката. Таа немаше да биде можна доколку земјите од регионот не беа подготвени за неа.

**Кои се вашите процени и проекции за годинава во однос на стабилноста на регионот?**

- Јас веќе неколку пати изјавив дека 2009 година најверојатно ќе биде пресудна за иднината на земјите од регионот и нивната перспектива за интегрирање во ЕУ и во НАТО. Зошто 2009 година? Годинава од аспект на ЕУ, односно европските политички процеси, на дневен ред ќе бидат неколку битни прашања, како продолжението на Лисабонскиот процес, карактерот на дискусијата за идната Европска Унија и нејзиниот устав, понатаму изборите за во Европскиот парламент, промената во Европската комисија... Исто така, ова е година во која ќе продолжат да се дефинираат односите помеѓу ЕУ и НАТО-трансатлантската заедница, односите помеѓу ЕУ и Русија, како и односите со земјите од Југоисточна Европа, кои се надевам ќе се дефинираат на уште поквалитетен начин. Оваа година ќе бидеме фокусирани и на низа нови прашања, како енергетиката, меѓународната финансиска криза... Земјите од Западен Балкан треба да го продолжат својот напредок. Условите овој пат не се најповолни и повеќе од пожелно е да се задржи политичката желба на ЕУ за нејзино проширување, а таа желба да се искористи и на поконкретен начин, односно да се продолжи истиот процес (преку исполнување на условите за членство) и да се почнат преговорите. Од друга страна, во рамките на Западен Балкан, но и пошироко, потребно е да се најдат брзи решенија за билатералните и поединечните прашања, како и оние за статусот, со тоа што тие прашања или ќе се решат или ќе се остават настрана, за да се забрза преговарачкиот процес, кој е во интерес на секоја земја од регионот.

**Дали мислите дека во сегашната економска клима и меѓународната финансиска криза можеби ЕУ треба да ги редефинира условите и процесот за влегување на земјите-кандидатки?**

- Не мислам дека економската рецесија или меѓународната финансиска криза ќе влијаат на процесот на проширување на ЕУ. Напротив, мислам дека европските институции се свесни дека инструмент за надминување на оваа криза е токму спасувањето, одржувањето и зајакнувањето на овој нов пазар - Западен Балкан, како еден најдинамичен пазар што се појави во Европа во изминативе години. Ако може така да се изразам, ‘спасувањето‘ на овој пазар не е само во интерес на политичката стабилност и економскиот развој во регионот и во Европа туку е и важен елемент за стабилноста на земјите кандидатки.

**Со која порака доаѓате во посета на македонската влада?**

- Мојата главна порака и цел е да се обидам да укажам на можностите што им се нудат на Македонија и на други земји од регионот, можности што се отвораат преку Советот за регионална соработка како еден мост што е изграден помеѓу регионот и Европската комисија. Ќе пренесам информации за подготовките на новите европски стратегии од Европската комисија за земјите од Западен Балкан. Исто така, сакам да го запознаам премиерот Никола Груевски, како и неговите соработници, со плановите поврзани со еден мултилатерален пакет проекти и програми за развој на регионот, во кој Македонија (но и другите земји од регионот) ќе можат да најдат свој придонес.